# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

СОБРАНИЕТО ПОД ЛУПА

Засилување на политичката дебата и делиберативниот дискурс

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Содржина

Методологија ... 1
Резултати од анкета ... 2
Информираност за работата на Собранието ... 2
Работата на Собранието ... 5
Собранието, јавноста и граѓаните ... 8
Собраниска дискусија ... 13
Очекувања од актуелниот состав на Собранието ... 16
Демографска дистрибуција ... 18
Графикони ... 18
Анекс 1 ... 21
Прашалник за анкета за работата на Собранието ... 21

# Методологија

**Број на прашања**: 32
**Примерок**: N=1000 (18г. + испитаници на целата територија државата)
**Метод**: теренска анкета лице в лице
**Период**: 5 мај – 6 јуни 2015 год.
**Статистичка грешка**: ±3%.

# Резултати од втора теренска анкета за работата на Собранието

## Информираност за работата на Собранието

Испитаниците беа прашани дали сметаат дека се запознаени со работата на Собранието. Резултатите покажуваат дека граѓаните се скоро поделени на еднакви половини според тоа дали сметаат дека се запознаени со работата на Собранието. Од демографската анализа се забележува дека жените во помал процент сметаат дека се запознаени во споредба со мажите. Истовремено, најмладата генерација граѓани во помала мера е запознаена со работата на ова тело отколку останатите возрасни групи.




**Графикон 1**

Во текот на последните 12 месеци најголема промена во поглед на начинот на информирање има во тоа што се зголемил процентот на испитаници кои за работата на Собранието се информираат преку интернет и преку весници, а се намалил процентот на оние за кои телевизијата е главниот канал за информациите за работата на пратениците. Според податоците од истражувањето за 47 проценти од граѓаните на возраст од 18 до 29 години интернетот е главниот информативен канал преку кои ја следат работата на Собранието.

Проект: Собранието под лупа, засилување на политичката дебата и делиберативниот дискурс
Проектот е финансиран од Европската Унија




**Графикон 2**

Според истражувањето, споредено со истиот период во 2014 година, се зголемил бројот на граѓани кои сметаат дека информациите кои ги добиваат од медиумите не се доволни за да бидат во тек со поважните законски промени.




**Графикон 3**

Околу 60% од граѓаните сметаат дека медиумите целосно или делумно ја претставуваат суштината на дебатата за законите. Од друга страна, скоро една третина од испитаниците сметаат дека медиумите во мала мера, или воопшто не ја пренесуваат суштината од дебатата.




**Графикон 4**

Скоро една петтина од граѓаните (19%) целосно се согласуваат дека медиумите сензационалистички известуваат за работата на пратениците. На ова се надоврзуваат 42% кои делумно се согласуваат со овој став, додека 20% не се согласуваат со понудената изјава.




**Графикон 5**

Се забележува разлика помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци кога се прашани во која мера се согласуваат дека медиумите известуваат селективно. Кај етничките Албанци во поголема мера е изразено делумно согласување (55%), со значајна разлика од Македонците каде тој одговор го дале 42% од испитаниците.

Проект: Собранието под лупа, засилување на политичката дебата и делиберативниот дискурс
Проектот е финансиран од Европската Унија




**Графикон 6**

## Работата на Собранието

Најголем дел од испитаниците сметаат дека Владата врши контрола врз законодавната власт. За скоро една третина од граѓаните – 31%, контролата, за која Владата нема уставна надлежност, ја оценуваат како голема. Наспроти тоа за 23% таа е соодветна, за 8% е мала, а според 26% Владата нема контрола врз парламентот.




**Графикон 7**

На прашањето околу контролата која, според Уставот, Собранието треба да ја спроведува врз Владата, се забележува зголемување на перцепцијата дека контролата е мала или изостанува, во споредба со резултатите во 2014 година.




**Графикон 8**

Мал број од граѓаните сметаат дека пратеничките прашања овозможуваат контрола на работата на извршната власт. Тоа е случај за само 7% од граѓаните. Дури 27% од граѓаните сметаат дека пратеничките прашања немаат никакво влијание. Кај 13% од граѓаните присутно е мислењето дека пратеничките прашања ги информираат граѓаните за работата на Владата а 10% од нив сметаат дека пратеничките прашања се инструмент за критика на работата на извршната власт. Останатите граѓани сметаат дека пратеничките прашања се користат за промоција на Владата (25%) или пак се злоупотребуваат (20%).




**Графикон 9**

Проект: Собранието под лупа, засилување на политичката дебата и делиберативниот дискурс
Проектот е финансиран од Европската Унија

Етничките Албанци во помала мера сметаат дека Собранието влијае на квалитетот на законите. Гледано кумулативно, 52% од нив сметаат дека Собранието има високо или умерено влијание, што е помалку споредено со 63% кај етничките Македонци.




**Графикон 10**

Во поглед на менувањето на законите, 61% од испитаниците сметаат дека тоа се прави често. Ако одговорите на испитаниците се разгледуваат според нивното занимање, произлегува дека вакво мислење најчесто имаат 67% од вработените во јавниот сектор и 81% од земјоделците (кои се мала група во примерокот).




**Графикон 11**


Проект: Собранието под лупа, засилување на политичката дебата и делиберативниот дискурс
Проектот е финансиран од Европската Унија

Во поглед на тоа што граѓаните подразбираат под ефикасност на Собранието, најголем број од нив (57%) сметаат дека тоа е носење квалитетни закони, по што следи 18% од граѓаните кои ефикасноста ја гледаат во улога на контрола врз Владата. Само 7% од граѓаните сметаат дека ефикасност на претставничкото тело подразбира носење поголем број на закони.




**Графикон 12**

## Собранието, јавноста и граѓаните

Поголем дел од испитаниците сметаат дека Собранието не е доволно отворено за јавноста. Анализирано според возрасните групи ваков став најмногу имаат најмладите и најстарите испитаници. Во 54% од анкетираните на возраст од 18 до 29 години и 51% на восраст на 60 години сметаат дека Собранието не е отворено за јавноста. Според етничката припадност, дури 60% од етничките Албанци го делат ова мислење како и 45% од Македонците.




**Графикон 13**

Во однос на тоа колку често пратениците ја консултираат јавноста, 17% од граѓаните сметаат дека тоа се прави секогаш или често, додека 41% сметаат дека консултациите се прават ретко или никогаш.




**Графикон 14**

На сличен начин се изразени перцепциите за тоа дали забелешките на јавноста или граѓаниските организации се внесуваат при изработка на законите. Дури 47% од граѓаните сметаат дека тоа или воопшто не се прави или ретко се случува, додека 16% сметаат дека е честа пракса.




**Графикон 15**

Во последните 12 месеци, за 16% се зголемил бројот на граѓани кои сметаат дека пратеникот од нивната изборна единица не е достапен за средби со граѓаните. Ваков одговор во јуни 2014 година дадоа 40%, а во јуни 2015 година 56% од испитаниците.




**Графикон 16**

Во благ пораст е и бројот на граѓаните кои сметаат дека пратениците од нивната изборна единица не ги информираат граѓаните за својата работа. Додека во 2014, тој впечаток бил присутен кај 55% од граѓаните, оваа година тој е пораснат на 60%.




**Графикон 17**

Во последните 12 месеци за 17% се зголемил процентот на испитаниците кои сметаат дека нивните избрани пратеници не покренале иницијатива во Собранието за нивните локални проблеми. Во јуни 2014 такво мислење имаа 33% , а во јуни 2015 50% од испитаниците. Според етничката припадност на испитаниците, поголем е процентот на етнички Албанци (63%) кои го делат ова мислење споредено со 46% од етничките Македонци.




**Графикон 18**

На прашањето „Дали сметате дека пратениците ги претставуваат интересите на граѓаните само мал дел од испитаниците – 13% сметаат дека нивните интереси се целосно претставени. За најголем дел – 42% пратениците делумно ги претставуваат интересите на граѓаните, а во последните 12 месеци порасна процентот на испитаниците кои сметаат дека избраните пратеници воопшто не ги претставуваат нивните интереси од 31% на 38%. При одговорот на ова прашање се забележува разлика според етничката припадност на испитаниците. Поголем дел од етничките Албанци сметаат дека нивните интереси се само делумно или воопшто не се претставени споредено со Македонците.




**Графикон 19**

Најголем дел од граѓаните сметаат дека пратениците во Собранието ги застапуваат сопствените лични интереси – 34% и интересите на политичката партија од која доаѓаат – 32%. Притоа етничките Македонци почесто веруваат дека пратениците ги застапуваат партиските интереси, а Албанците дека пратениците ги застапуваат своите лични интереси.




**Графикон 20**

Процедурата за поведување иницијатива за донесување на закон или измени е сè уште непозната за широк број на граѓани. Дури 74% од граѓаните не ја познаваат процедурата.




**Графикон 21**

## Собраниска дискусија

Споредено со перцепциите во 2014 година, се зголемува бројот на граѓани кои сметаат дека пратениците од мнозинството не ги земаат предвид аргументите на опозицијата. Ваквиот став бил распространет кај 26% од граѓаните во 2014 година, но за една година пораснал на 33%.




**Графикон 22**

Впечатокот за поврзаноста помеѓу дискусијата помеѓу мнозинството и опозицијата и квалитетот на законите останува релативно непроменет помеѓу двете истражувања. И двете анкети покажуваат дека половина или повеќе од граѓаните сметаат дека дискусијата помеѓу мнозинството и опозицијата во Собранието помага за подобрување на квалитетот на законите.




**Графикон 23**

Дури 40% од граѓаните сметаат дека пратениците често или секогаш користат омаловажувачки говор кон своите противници. Иако овој процент е помал од впечатокот дека тоа е реткост (збирно 51%), сепак овој процент укажува на низок впечаток за квалитетот на дебата во Собранието.




**Графикон 24**

Кумулативно, 52% од граѓаните имаат впечаток дека нивните избраници во претставничкиот дом не се поддготвуваат доволно за своите извршувањето на своите обврски односно за темите кои се на двевниот ред на Собранието. Ако се




**Графикон 25**

Скоро половина од граѓаните (49%) сметаат дека пратениците ретко ги образложуваат своите позиции со аргументи а дополнителни 7% дека тоа не го прават никогаш. Повеќе од една четвртина од граѓаните сметаат дека аргументацијата е честа појава, а дополнителни 8% сметаат дека тоа се случува секогаш.




**Графикон 26**

Само 35% од граѓаните сметаат дека актуелниот пратенички состав посветил поголемо внимание на квалитетот на законите од претходниот состав, а дури 48% не се согласуваат со тој став.




**Графикон 27**

На сличен начин, дури 45% од граѓаните сметаат дека во изминатите 12 месеци Собранието не ја зголемило контролата врз спроведувањето на законите.



**Графикон 28**

## Очекувања од актуелниот состав на Собранието

Дури половина (49%) од граѓаните се скептични, односно не очекуваат дека актуелниот состав на Собранието може да ја зголеми контролата врз работата на Владата. Безмалку една третина се оптимисти дека тоа може да се случи.



**Графикон 29**

На сличен начин, повеќе од половина од граѓаните не очекуваат дека Собранието може да придонесе за подигнување на нивото на политичка култура во земјата.




**Графикон 30**

Скоро две третини од граѓаните, односно 64% сметаат дека Собранието треба да има повеќе слух за ставовите на опозицијата.




**Графикон 31**

Дури 64% од граѓаните сметаат дека политичката атмосфера во Собранието е секогаш или најчесто поларизирана. Само 19% од граѓаните сметаат дека таа е ретко или никогаш не е поларизирана.




**Графикон 32**

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

## Демографска дистрибуција

| **Пол** | Мажи | жени |
|---|---|---|
| | 50% | 50% |

| **Возраст** | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60+ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 20% | 20% | 18% | 17% | 24% |

| **Образование** | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо, Високо |
|---|---|---|---|---|
| | 1% | 18% | 49% | 33% |

| **Етничка припадност** | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Србин | Влав | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 71% | 22% | 1% | 2% | 2% | 0,4% | 1% |

| **Работен статус** | Вработен (јавен сектор) | Вработен (приватен сектор) | Земјоделец | Студент | Домаќин/ка | Невработен | Пензионер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 14% | 30% | 5% | 7% | 8% | 19% | 17% |

| **Место на живеење** | Рурално | Урбано | Скопје |
|---|---|---|---|
| | 37% | 41% | 22% |

## Графикони

Графикон 1: Дали сте запознаени со работата на Собранието?

Графикон 2: На кој начин се информирате за работата на Собранието?

Графикон 3: Информациите кои ги добивате преку медиумите ви се доволни за да бидете во тек со најважните законски промени?

Графикон 4: Дали медиумите ја пренесуваат суштината од дебатата за законите во Собранието?

Графикон 5: Медиумите известуваат сензационалистички за работата на пратениците во Собранието?

Графикон 6: Медиумите известуваат селективно за работата на пратениците во Собранието?

Графикон 7: Како ја оценувате контролата на Владата врз Собранието?

Графикон 8: Каква е контролата на Собранието врз Владата?

Графикон 9: Според вас, пратеничките прашања...

Графикон 10: Во колкава мера Собранието влијае на квалитетот на законите?

Графикон 11: Колку често се менуваат законите?
Графикон 12: Ефикасноста на Собранието значи...

Графикон 13: Дали Собранието е отворено за јавноста?

Графикон 14: Пратениците во Собранието ја консултираат јавноста пред носење на законите...

Графикон 15: При изработка на законите пратениците ги вклучуваат и забелешките од јавноста и граѓанските организации...

Графикон 16: Дали пратеникот од вашата изборна единица е достапен за средби со граѓаните?

Графикон 17: Дали пратениците од вашата изборна единица ги информираат граѓаните за својата работа?

Графикон 18: Дали се случило пратеникот од вашата ИЕ да покрене иницијатива во Собранието за проблем во вашата општина?

Графикон 19: Дали избраните пратеници ги претставуваат интересите на граѓаните?

Графикон 20: Чии интереси пратениците најчесто застапуваат во Собранието?

Графикон 21: Дали сте информирани како можете да поведете Иницијатива за донесување на закон или измени на закон до овластените предлагачи?

Графикон 22: Дали пратениците од мнозинството ги земаат предвид аргументите на опозицијата при носењето одлуки во Собранието?

Графикон 23: Дискусијата помеѓу мнозинството и опозицијата придонесува за создавање на поквалитетни закони?

Графикон 24: Дали пратениците користат говор во кој ги омаловажуваат и деградираат своите противници?

Графикон 25: Дали пратениците доволно се подготвени за темите кои се на дневен ред во Собранието?

Графикон 26: Дали пратениците дискутираат аргументирано?

Графикон 27: Актуелниот состав на Собранието во изминатите 12 месеци посвети поголемо внимание на квалитетот на законите?

Графикон 28: Актуелниот состав на Собранието во изминатите 12 месеци ја зголеми контролата врз спроведувањето на законите?

Графикон 29: Дали очекувате актуелниот состав на Собранието да ја зголеми контролата врз работата на Владата?

Графикон 30: Дали очекувате актуелниот состав на Собранието да придонесе за подигнување на нивото на политичката култура?

Графикон 31: Дали мнозинството треба да има повеќе слух за ставовите на опозицијата?

Графикон 32: Како би ја опишале политичката атмосфера во Собранието?

# Анекс 1

## Прашалник за анкета за работата на Собранието

**1)**

| | |
|---|---|
| Дали сметате дека сте запознаени со работата на Собранието | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**2)**

| | |
|---|---|
| Доколку сакате да добиете информации за работата на Собранието, кој начин го преферирате? | Телевизија |
| | Интернет |
| | Весник |
| | Радио |
| | Брошура |
| | Нешто друго |
| | Не знам/без одговор |

**3)**

| | |
|---|---|
| Дали информациите кои ги добивате преку медиумите за работењето на Собранието ви се доволни за да бидете во тек со најважните законски промени | Да |
| | Не |
| | Б/о |

**4)**

| | |
|---|---|
| Дали сметате дека медиумите ја пренесуваат суштината од дебатата за законите на пратениците во Собранието? | Целосно ја пренесуваат |
| | Делумно ја пренесуваат |
| | Многу малку ја пренесуваат |
| | Воопшто не ја пренесуваат |
| | Не знам/без одговор |

**5)**

| | |
|---|---|
| Колку се согласувате со изјавата: Медиумите известуваат сензационалистички за работата на пратениците во Собранието? | Целосно се согласувам |
| | Делумно се согласувам |
| | Не се согласувам |
| | Не знам/без одговор |

**6)**

| | |
|---|---|
| Колку се согласувате со изјавата: Медиумите известуваат селективно за работата на пратениците во Собранието. | Целосно се согласувам |
| | Делумно се согласувам |
| | Не се согласувам |
| | Не знам/без одговор |

**7)**

| | |
|---|---|
| Како ја оценувате контролата на Владата врз Собранието? | Голема |
| | Соодветна |
| | Мала |
| | Нема контрола |
| | Не знам/без одговор |

**8)**

| | |
|---|---|
| Каква е контролата на Собранието врз Владата | Голема |
| | Соодветна |
| | Мала |
| | Нема контрола |
| | Не знам/без одговор |

**9)**

| | |
|---|---|
| Според вас, пратеничките прашања | Немаат никакво влијание |
| | Се злоупотребуваат од страна на владата и другите институции |
| | Се користат за промовирање на работата на владата и другите инсти |
| | Се користат за критика на работата на владата и другите институтц |
| | Ги информираат граѓаните за работата во делокругот на извршната |
| | Овозможуваат контрола на работата на министрите |

**10)**

| | |
|---|---|
| Во колкава мера Собранието влијае на квалитетот на законите во Македонија? | Многу влијае |
| | Умерено влијание |
| | Умерено не влијае |
| | воопшто не влијае |
| | Не знам/без одговор |

**11)**

| Дали законите се менуваат често? | |
|---|---|
| | Премногу често |
| | Често |
| | Некогаш |
| | Ретко |
| | Премногу ретко |
| | Не знам/без одговор |

**12)**

| Според Вас, ефикасноста на Собрание значи... | |
|---|---|
| | Да донесува што поголем број на закони и законски измени |
| | Да донесува што поквалитетни закони |
| | Да донесува што поквалитетни закони |
| | Што почесто да организира јавни расправи за актуелни прашања и пр |
| | Не знам/без одговор |

**13)**

| Дали сметате дека Собранието е отворено за јавноста? | |
|---|---|
| | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**14)**

| Пратениците во Собранието ја консултираат јавноста пред носење на законите... | |
|---|---|
| | Секогаш |
| | Често |
| | Некогаш |
| | Ретко |
| | Никогаш |
| | Не знам/без одговор |

**15)**

| Дали во процесот на изработка на законите пратениците ги вклучуваат и забелешките од јавноста и граѓанските организации? | |
|---|---|
| | Секогаш |
| | Често |
| | Некогаш |
| | Ретко |
| | Никогаш |
| | Не знам/без одговор |

**16)**

| | |
|---|---|
| Дали сметате дека пратеникот од вашата изборна единица е достапен за средби со граѓаните? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**17)**

| | |
|---|---|
| Дали пратениците од вашата изборна единица ги информираат граѓаните за својата работа? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**18)**

| | |
|---|---|
| Дали се случило пратеникот од вашата изборна единица да покрене иницијатива во Собранието за проблем со кој се соочува вашата општина? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**19)**

| | |
|---|---|
| Дали сметате дека избраните пратеници ги претставуваат интересите на граѓаните? | Целосно ги претставуваат |
| | Делумно ги претставуваат |
| | Воопшто не ги претставуваат |
| | Не знам/без одговор |

**20)**

| | |
|---|---|
| Според Вас, чии интереси пратениците застапуваат во Собранието? | Интересите на граѓаните |
| | Сопствени лични интереси |
| | Ставовите на изборната единица од која доѓаат |
| | Ставови на својата политичка партија |
| | Ставови на етничката заедница |
| | Не знам/без одговор |

**21)**

| | |
|---|---|
| Дали сте информирани како можете како граѓанин да поведете Иницијатива за донесување на закон или измени на закон до овластените предлагач? | Да |
| | Не |

**22)**

| | |
|---|---|
| Дали пратениците од мнозинството ги земаат предвид аргументите на пратениците од опозицијата при носењето на одлуките во Собранието? | Делумно ги земаат предвид |
| | Целосно ги земаат предвид |
| | Делумно не ги земаат предвид |
| | Воопшто не ги земаат предвид |
| | Не знам/без одговор |

23)

| | |
|---|---|
| Дали дискусијата помеѓу мнозинството и опозицијата придонесува за создавање на поквалитетни закони? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

24)

| | |
|---|---|
| Дали пратениците користат говор во кој ги омаловажуваат и деградираат своите противници врз основа на нивната политичка, етничка, верска, припадност? | Никогаш |
| | Ретко |
| | Често |
| | Секогаш |
| | Не знам/без одговор |

25)

| | |
|---|---|
| Дали пратениците доволно се подготвени за темите кои се на дневен ред на Собранието? | Сите се подготвени |
| | Повеќето се подготвени |
| | Повеќето не се подготвени |
| | Воопшто не се подготвени |
| | Не знам/без одговор |

26)

| | |
|---|---|
| Дали пратениците ги образложуваат со аргументи своите ставови и позиции во расправите? | Никогаш |
| | Ретко |
| | често |
| | Секогаш |
| | Не знам/без одговор |

27)

| | |
|---|---|
| Актуелниот состав на парламентот избран во април 2014 во изминатите 12 месеци посвети поголемо внимание на квалитетот на законите отколку претходниот? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**28)**

| | |
|---|---|
| Актуелниот состав на парламентот избран во април 2014 во изминатите 12 месеци ја зголеми контролата врз спроведувањето на законите? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**29)**

| | |
|---|---|
| Дали очекувате актуелниот состав на парламентот избран во април 2014 да ја зголеми контролата врз работата на Владата? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**30)**

| | |
|---|---|
| Дали очекувате актуелниот состав на парламентот избран во април 2014 придонесува за подигнување на нивото на политичката култура во земјата? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**31)**

| | |
|---|---|
| Дали сметате дека мнозинството во парламентот треба да има повеќе слух за ставовите на опозицијата? | Да |
| | Не |
| | Не знам/без одговор |

**32)**

| | |
|---|---|
| Како би ја опишале политичката атмосфера во Собранието? | Поларизирана |
| | Најчесто поларизирана |
| | Најчесто не поларизирана |
| | Никогаш поларизирана |
| | Не знам/без одговор |

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.